ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

С к о п ј е
јули 2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
17. 07. 2023
08 3759/1

ДО
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 71, став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Моника Зајкова
2. Димитар Апасиев
3. Борислав Крмов
4. Бобан [illegible]
5. Маја [illegible]

**ВОВЕД**

I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за платежни услуги и платни системи (*) се уредуваат видовите на платежни услуги, дозволата за давањето на платежни услуги, издавање електронски пари, транспарентноста на условите и обврските за информирање во врска со платежните услуги, правата и обврските на давателите и корисниците на платежните услуги, отворањето и користењето на платежната сметка, преносливоста на платежната сметка, транспарентноста и споредливоста на надоместоците поврзани со платежните сметки и услуги, постапките за решавање на спорови настанати при давањето на платежни услуги, платните системи и конечноста на порамнувањата, надзорот над платежните институции, институциите за електронски пари и операторите на платните системи, воспоставувањето и одржувањето на единствениот регистар на сметки, како и други прашања поврзани со платежните услуги и платните системи.

Платежните картички пак, како инструмент за безготовински платен промет или безготовинско плаќање на производи и услуги во Република Северна Македонија се доминатни од 2009 односно 2010 година и со својата улога денес се користат во функција на новото глобално време, кое ги урива временските и просторни конвенционални бариери.

Укинувањето на чековите и измените во Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија, т.е. пензиите преку трансакциска сметка, во Република Северна Македонија од 2009 односно 2010 година ја отвори законската можности за издавање зголемен број на платежни картички на кои ќе се врши исплатата на платата на јавната администрација и на пензиите, за што видно придонесоа и понудите на банките кои овозможуваа многу поволности како што се картички без плаќање членство и сл.

Платежната картичка, без разлика дали е дебитна, кредитна, картичка за редовни месечни примања на клиентите или пак друг вид на картичка, по својата функционалност е прилагодена за оној сегмент од паразрот за којшто се однесува.

Но, од периодот на законско овозможување за користење на платежните картички во нашата држава до денес, за граѓаните овој платежен инструмент за безготовински платен промет предизвика сериозни проблеми и финасиски удар кој ги зголеми профитите на банките на сметка на граѓаните и стопанството. Многубројните видови провизии, разните други давачки за одобрување кредити, за одржување трансакциски сметки, па дури и плаќања за најобична проверка на состојба на сметка на банкомат се причини за законска регулација на овој општествен проблем со кој на граѓаните ќе им се овозможи сопствена заштита.

Во Законот за платежни услуги и платни системи (*) се утврдени основите за пресметување на надоместоците и провизиите за услугите, стапките на провизијата и висината на надоместоците, како и начинот и роковите на пресметувањето и наплатата на провизијата и надоместокот.

Неповолната ситуација за граѓаните во однос на нивната финансиска моќ дополнително е зголемена од здравствено економската состојба која со себе од 2020 година ја донесе Пандемијата предизвикана од Корона вирусот КОВИД-19, кој особено влијание имаше врз жителите но,не и врз банките.

Имено, врз основа на податоците од многуте анализи објавени во 2021 година Констатирано е дека „македонските банки се одлично капитализирани и финансиски успешни." и во 2020 година имаат остварено поголема вкупна добивка од 2019 година.

Од ова може да се заклучи следново: банките во Северна Македонија остануваат релативно отпорни на ударите, кои ги нанесуваат пандемијата и светската економска криза, без оглед што им опаѓаат главните приходи од каматите и не можат да заработат од камати, банките овој недостаток го надоместуваат од зголемување на провизиите и другите надоместоци.

Според објавените податоци од Државниот завод за статистика речиси една четвртина од жителите на Северна Македонија живеат во предизвикувачки услови што дополнително ја оправдува оваа законска интервенција со која што ќе им се помогне на граѓаните и ќе започне да се намалува, во одредена мера негативното влијание од економската криза.

Ваквата социо-економска ситуација за граѓаните, кога ќе се најдат во улога на корисници на услугите на банките пројавуваат уште поголеми проблеми бидејќи во моментот не постојат законски можности за ограничување на профитите на банките, па така се зголемува и незадоволството на граѓаните за оправданоста за плаќање на толку големи тарифи за надоместок за каматите, провизиите и други надоместоци кои им ги наметнуваат банките и каква е улогата на државата во целиот овој процес кој со години ги осиромашуваат македонските жители.

Заради потребата од намалување на трошоците за обработка на кредити, намалувањето на провизиите меѓу кои особена најкарактеристична е провизијата за водење трансакциска сметка и другите наметнати давачки, како држава доведени сме до јавна перцепција дека банките се збогатуваат на сметка на граѓаните.

Оттука, неопходно е прашањето на банкарските провизии да се уреди со закон, а не да се остави на интерните политики на банките, во кои банките постапуваат по свои правила и токму од таа причина ова состојба ќе се ограничи преку воспоставување на обврска на банките пресметување на надоместоците и провизиите за услугите, стапките на провизијата и висината на надоместоците, како и начинот и роковите на пресметувањето и наплатата на провизијата и надоместокот ќе мора да се уредуваат согласно одредбите од овој закон. .

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основната цел на овој Предлог на закон е заштита на граѓаните како корисници на платежни услуги, преку регулација на прашањето на банкарските провизии и другите давачки поврзани со одобрување кредити, за одржување трансакциски сметки и плаќања како што се проверка на состојба на сметка на банкомат да се уреди со закон, а не да се на остави интерните политики на банките кои согласно Законот за платежни услуги и платни системи (*) ги уредуваат и јавно објавуваат.

Со постигнување на целта заради која се предлага законот ќе се постигне и решението и начелата на законот, а тоа се заштита на граѓаните од нерамноправната и неповолната состојба во која се наоѓаат во изминатите години и која директно влијае на нивната социоекономска положба.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на Предлогот на закон не повлекува финансиски импликации од Републичкиот буџет.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог на законот не се потребни финансиски средства и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Врз основа на членот 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме Собранието Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, да го разгледа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ

Член 1

Во Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 90/22), во членот 74 по став (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, давателот на платежната услуга без надоместок или провизија за корисникот на платежната услуга ги врши следниве работи, за кои е забрането да се наплатуваат било какви провизии или надоместоци за:

- отворање, водење, одржување и затворање на трансакциска сметка на физички и правни лица;
- отворање, водење, одржување и затворање на денарски и девизни сметки (на физички и правни лица);
- отворање, водење, одржување и затворање на платежна картичка (дебитна или кредитна) – за што не смее да наплаќа дополнителна месечна или годишна членарина, без оглед на бројот на картички (основна или дополнителна);
- ажурирање на лични податоци на корисниците на платежните услуги;
- промена на статусот на корисникот на платежна услуга (од резидент во нерезидент и обратно);
- промена на дневен лимит;
- промена на пинови;
- аплицирање или промена на дозволено пречекорување;
- регистрање и овозможување непречено користење на услугата електронско банкарство и електронско плаќање (активен профил);
- услуги на мобилно банкарство (инсталација, регистрација, обнова на УСБ сертификати и сл.);
- СМС известувања;
- издавање токени и дигитални сертификати;
- безготовински трансакции и плаќања преку КИБС и МИПС;
- услуги на траен налог (кон истата или кон други банки);
- повлекување на платни налози или издавање преписи;
- издавање потврда за состојба на кредит и потврда за затворен кредит (без оглед на видот на кредитот);
- издавање изводи за состојба на сметка од експозитура на банка;
- шалтерско печатење изводи од затворена сметка;
- издавање извештаи за солвентност;
- доставување на податоци до судови, нотари, извршители, УЈП или други државни органи;
- поднесување или повлекување на задолжница за наплата;
- проверка на состојба на АТМ (банкомат);
- издавање на задржана картичка на банкомат;
- овозможување повлекување на готовина од банкомат во негова сопственост или од банкомат во сопственост на друг носител на платен промет (друга банка);
- провизии за аплицирање и скриени т.н. административни трошоци за разгледување и обработка на барања за кредитни аражмани за било каков вид на кредит (станбен, хипотекарен, студентски, наменски, еко, потрошувачки и сл.);
- провизии за преддоговори и анекси;
- надоместоци за поднесување на барања за намалување на каматна стапка;
- провизии за проценка и репроценка на имот (колатерал);
- блокирање и деблокирање на сметка по извршни решенија за присилна

наплата;

- провизии за давање или укинување на посебно овластување на друго лице; и
- провизии за постапување по оставински решенија.

(5) При користење на готовински уплати преку еден од инструментите за извршување на платежни услуги (уплатница за плаќање судска или административна такса или образец ПП 30, ПП 50 и др.) – како надоместок на провизија, давателот на платежната услуга не смее да наплати износ повисок од 5 денари по вирман.“.

Ставот (4) станува став (6).

Во ставот (5) кој станува став (7) зборовите: „ставот (4)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (6)“.

Ставот (6) кој станува став (8) се брише.

Ставот (7) станува став (8).

Член 2

Давателите на платежните услуги се должни постоечките документи во кои се уредува наплатата на надоместокот во врска со давањето на платежни услуги, уредени согласно Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” број 90/22), да ги усогласат со одредбите од овој закон во рок од осум дена од влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ–ЗАКОНОТ**

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Во Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи уредени се 3 члена.

Во членот 1 таксативно се наведени услугите кои давателот на платежната услуга ги врши за корисникот на платежната услуга без надоместок или провизија, односно за кои е забрането да се наплатуваат било какви провизии или надоместоци а кои се однесуваат на водење и одржување на сметка на платежна картичка, регистрање и овозможување на користење на услугата електронско банкарство, проверка на состојба на сметка на банкомат и издавање изводи за состојба на сметка од експозитура на банка,повлекување на готовина од сметки од банкомат во негова сопственост како банка или од банкомат во сопственост на друг давател на платежни услуги (друга банка), издавање на потврда за состојба на кредит и потврда за затворен кредит, членарина (месечна или годишна) за платежна картичка, административните трошоци за разгледување и обработка на барање за кредитни аражмани за станбен кредит и други провизии за кредит, на административни и судски такси во кој било поединечен износ и на надоместокот односно провизијата за готовински и безготовински платен промет.

Членот 2 е преодна одредба во која се предвидува обврска за давателот на платежната услуга да ја усогласи својата интерна документација со одредбите на овој закон.

Членот 3 регулира влегување во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и прават една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија ќе се заштитат граѓаните како корисници на платежни услуги од плаќања на надоместок или провизија за водење и одржување на сметка на платежна картичка, регистрање на користење на услугата електронско банкарство, проверка на состојбата на сметка на банкомат и издавање на изводи за состојба на сметка од експозитура на банка, повлекување на готовина од сметки од банкомат во негова сопственост како банка или од банкомат во сопственост на друг давател на платежни услуги (друга банка), издавање на потврда за состојба на кредит и потврда за затворен кредит, членарина (месечна или годишна) за платежна картичка, за административни трошоци за разгледување и обработка на барање за кредитни аражмани за станбен кредит и други провизии за кредит и законски ќе се ограничи надоместок за провизија за учесникот во платниот промет кога се врши уплата за готовински и/или безготовински платен промет на еден од инструментите за платен промет (уплатница или образец).

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ**
**КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Надоместоци во врска со платежната сметка**
**со основни функции**
Член 74

(1) За платежните услуги од членот 73 став (1), освен за платежните услуги од членот 73 став (1) точка 2 иницирани преку давател на платежни услуги кај кој не е отворена сметката и за платежните услуги од членот 73 став (1) точка 3 алинеја 2 за извршување на платежни трансакции со кредитна картичка, давателот на платежни услуги може да пресметува и наплатува вкупен месечен надоместок со разумна висина.

(2) Разумната висина на надоместокот од ставот (1) на овој член не смее да биде повисока од 0,1% од подвижниот просек на просечната месечна исплатена нето-плата во земјата за претходните 12 месеци, согласно со објавите од страна на Државниот завод за статистика.

(3) Надоместокот од ставот (2) на овој член вклучува извршување на минимум пет платежни трансакции од членот 73 став (1) точка 3 алинеи 1 и 3, на месечно ниво, доколку се иницирани кон платежна сметка на примач во рамки на ист давател на платежни услуги.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член давателот на платежни услуги не пресметува и не наплатува надоместок доколку потрошувачот и припаѓа на групата на корисници на следниве законски права:

1) законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката;

2) надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидското осигурување;

3) парична помош од социјална заштита;

4) привремена невработеност;

5) додаток на деца и

6) стипендија, кредит и помош на ученици и студенти.

(5) За корисниците од ставот (4) на овој член, давателот на платежни услуги определува извршување на минимум пет бесплатни платежни трансакции од членот 73 став (1) точка 3) алинеи 1 и 3, на месечно ниво, доколку се иницирани кон платежна сметка на примач во рамки на ист давател на платежни услуги.

(6) Давателот на платежни услуги може да пресметува и наплатува надоместок за платежните трансакции согласно со важечката тарифа што се применува за соодветните услуги што се наплатуваат од потрошувачите што не користат платежна сметка со основни функции за:

- платежните трансакции кои го надминуваат минималниот број на платежни трансакции од ставовите (3) и (5) на овој член,
- платежните трансакции од членот 73 став (1) точка 3 алинеи 1 и 3 што се иницирани од платежна сметка кај еден давател на платежни услуги кон платежна сметка кај друг давател на платежни услуги,
- платежните услуги од членот 73 став (1) точка 2, иницирани преку давател на платежни услуги кај кој не е отворена сметката,
- платежните услуги од членот 73 став (1) точка 3 алинеја 2, за извршување на платежни трансакции со кредитна картичка.

(7) Доколку давателот на платежните услуги може да пресметува и наплатува надоместок за непочитување на обврските определени со рамковниот договор со разумна висина, определена според висината и движењето на подвижниот просек на просечната месечна исплатена нето-плата во Република Северна Македонија за претходните 12 месеци, согласно со објавите од страна на Државниот завод за статистика, но не повисоки од една половина од надоместоците што во моментот на пресметувањето се пресметуваат и наплатуваат од потрошувачите кои не користат платежна сметка со основни функции.